# АНЕКС НА ПРОПОЗИЦИИ

## За натпреварите во Супер Лига и Прва Лига за Сениори на Македонија во сезона 2018/2019

## 1 СУПЕР ЛИГА

### Член 1.

Супер Лига за Сениори на Македонија во натпреварувачката сезона 2018/2019 ја сочинуваат следните екипи:

1. ППК Вардар, Скопје
2. ППК Шампион-ФА, Штип
3. ППК Младост, Прилеп
4. ППК Работнички, Скопје
5. ППК Младост 96, Прилеп
6. ППК УГД, Штип
7. ППК Телеком-НЕЦ, Скопје
8. ППК Мултитекс, Битола

### Член 2.

Лигата се игра по двократен бод систем – систем “**секој со секој**”, **турнирски**. Се играат вкупно 14 (четиринаесет) кола според усвоениот Календар на натпреварувања на ППФМ. Бидејќи се игра турнирски, На секој турнир се играат 2 (две) кола, едно по друго.

На крајот на регуларниот дел од лигашкото натпреварување, првите 4 (четири) екипи стекнуваат право за учество во PLAY OFF натпреварувањето, чијшто победник станува **Екипен Шампион на Република Македонија** за тековната натпреварувачка сезона. Третото место го завзема победникот во натпреварот меѓу губитниците од двата полуфинални натпревари.

**Првиот полуфинален пар** го сочинуваат **првопласираната** и **четвртопласираната** екипа од регуларниот дел на лигашкото натпреварување.

**Вториот полуфинален пар** го сочинуваат **второпласираната** и **третопласираната** екипа од регуларниот дел на лигашкото натпреварување.

Победниците од полуфиналните натпревари играат **Финале на PLAY OFF натпреварувањето**, а победникот од финалето, станува **Екипен Шампион на Република Македонија** за тековната натпреварувачка сезона.

Во рамките на полуфиналните и финалните натпревари на PLAY OFF-от се играат 2 (два) или 3 (три) натпревари според следниов критериум:

- Доколку една од екипите, во регуларниот дел од лигашкото натпреварување **двапати** ја **победила** спротивната екипа, полуфиналниот/финалниот натпревар го започнува со **предност од 1:0**. Во тој случај, вториот натпревар се игра на домашен терен кај екипата којашто **губи 1:0**.
- Доколку двете екипи имале по 1 (една) меѓусебна победа во регуларниот дел на лигашкото натпреварување, полуфиналниот/финалниот натпревар го започнуваат со резултат **0:0**. Во тој случај, првиот натпревар се игра на домашен терен на екипата којашто е подобро пласирана во регуларниот дел од лигашкото натпреварување.

Победник на натпревар во PLAY OFF-от ќе биде онаа екипа којашто добила 2 (два) мечеви во дуелот.

Шема на одигрување на PLAY OFF натпреварувањето е дадена во продолжение на овој член:



Легенда:

Л(број) – Освоено место во рамките на регуларниот дел на лигашкото натпреварување во Супер Лига (број – од 1 до 4).

ППФ1 – Победник на првиот полуфинален натпревар во рамките на PLAY OFF-от

ППФ2 – Победник на вториот полуфинален натпревар во рамките на PLAY OFF-от

ЕШМ – Екипен Шампион на Македонија

**Секое од колата во рамките на PLAY OFF натпреварите се игра додека една екипа не добие 2 (два) натпревари**.

### Член 3.

**Осмопласираната** екипа од конечниот пласман во Супер Лигата преоѓа во понизок ранг на натпреварувања, во Прва Лига.

**Седмопласираната** екипа од конечниот пласман во Супер Лигата игра PLAY OUT натпревар за опстанок со **второопласираната** екипа од конечниот пласман во Првата Лига. Се игра еден натпревар чиј победник останува/влегува во Супер Лигата во следната натпреварувачка сезона.

Доколку некоја екипа од Супер Лигата не се пријави за следната натпреварувачка сезона, Лигата се пополнува со **второопласираната** екипа од Прва Лига и така натаму.

## 2 ПРВА ЛИГА

### Член 4.

Прва Лига за Сениори на Македонија во натпреварувачката сезона 2018/2019 ја сочинуваат следните екипи:

1. ППК Кочани
2. ППК Пошта 2
3. ППК Студент
4. ППК Пелистер
5. ППК Радовиш
6. ППК Борец-Тим

7. ППК Дебар Маало
8. ППК Струга

## Член 5.

Лигата се игра по двократен бод систем – систем “**секој со секој**”, **турнирски**. Се играат вкупно 14 (четиринаесет) кола според усвоениот Календар на натпреварувања на ППФМ. Бидејќи се игра турнирски, На секој турнир се играат 2 (две) кола, едно по друго.

## Член 6.

Во Супер Лига директно се пласира **првопласираната** екипа. **Второпласираната** екипа игра PLAY OUT (бараж) натпревар со **седмопласираната** екипа од Супер Лига.

Доколку второпласираната екипа од Прва Лига победи во бараж натпреварот и се пласира во Супер Лига, а некоја екипа којашто остварила право за настап во Супер Лига се откаже, тогаш местото се пополнува со **третопласираната** екипа од Прва Лига и така натаму.

Доколку второпласираната екипа од Прва Лига изгуби во бараж натпреварот, а некоја екипа којашто остварила право на настап во Супер Лига се откаже, тогаш местото се пополнува со **второпласираната** екипа од Прва Лига и така натаму.

## Член 7.

**Осмопласираната** екипа од конечниот пласман во Првата Лига преоѓа во понизок ранг на натпреварувања, односно во најнискиот ранг – Втора Лига, во соодветниот регион – 1 или 2.

**Седмопласираната** екипа од конечниот пласман во Првата Лига игра PLAY OUT (бараж) натпревар за опстанок со екипата од Втора Лига којашто била **губитник** во бараж натпреварот помеѓу **првопласираните екипи од Регион 1 и Регион 2**. Се игра еден натпревар чиј победник останува/влегува во Првата Лига во следната натпреварувачка сезона.

Во Прва Лига директно влегува екипата **победник** во бараж натпреварот помеѓу првопласираните екипи од Регион 1 и Регион 2.

Доколку некоја екипа којашто остварила право на настап во Прва Лига не се пријави (односно се откаже од настапот), или со својот пласман евентуално преоѓа во Супер Лига (поради евентуално откажување на некоја екипа од Супер Лига), Првата Лига се

пополнува со **губитникот** од PLAY OUT натпреварот. Доколку треба да се пополнат 2 (две) места во Прва Лига, во тој случај, **осмопласираната** екипа којашто требало да испадне во Втора Лига, се враќа во Прва Лига. Доколку треба да се пополнат повеќе од две места, се прави дополнителен бараж турнир од 4 (четири) екипи коишто ги сочинуваат 2 (две) екипи од Втора Лига – Регион 1 и 2 (две) екипи од Втора Лига – Регион 2.

## Член 8.

Две екипи од ист клуб не може да учествуваат во иста лига во тековната натпреварувачка сезона. Доколку две екипи од ист клуб остварат право на учество во ист ранг на натпреварување, **втората екипа** на клубот преоѓа во понизок ранг на натпреварување, со право да се откаже од натпреварувањата.

## Член 9.

Минимални услови за одигрување на натпреварите од лигашкиот дел од натпреварувањето во Супер Лига и Прва Лига се:

- Гледалиштето мора да е одалечено од рингот на натпреварот најмалку 2 (два) метри.
- Температурата во салата не смее да биде помала од 15 степени Целзиусови.
- Просторот за игра (ринг) мора да биде со величина од 10x5m, или поголем, а дозволена е висина од најмалку 4 (четири) метри од подот.
- Осветлувањето над пинг-понгарската маса мора да биде најмалку 400 лукси.

Дозволената толеранција во однос на пропишаните услови е 5% (не важи за температурата). Проверките на минималните услови ги извршува главниот судија само ако поседува мерни инструменти коишто се соодветни за утврдување на условите.

Приоритет пред почетокот на сезоната е салите на одржување на турнирите за Лигите да бидат регистрирани со задоволување на условите и да бидат одобрени, како и местоположбата на масата со фото документација. Овој принцип се нарекува **хомологација**.

Во случај да наведените услови не се исполнети, натпреварот **нема да се одигра**, а одлуката за тоа ја донесува главниот судија.

Минималните услови за одигрување на натпреварите од PLAY OFF-от на Супер Лига и бараж натпреварите од Супер Лига и Прва Лига се:

- Гледалиштето мора да е одалечено од рингот на натпреварот најмалку 2 (два) метри.
- Рингот за игра мора да биде ограден со дополнителни прегради (рингови), не смее да биде оградено со цврсти прегради (ѕид или слично).
- Температурата во салата не смее да биде помала од 15 степени Целзиусови.
- Просторот за игра (ринг) мора да биде со величина од 12x6m, или поголем, а дозволена е висина од најмалку 4 (четири) метри од подот.
- Осветлувањето над пинг-понгарската маса мора да биде најмалку 600 лукси.

Дозволената толеранција во однос на пропишаните услови е 5% (не важи за температурата). Проверките на минималните услови ги извршува главниот судија само ако поседува мерни инструменти коишто се соодветни за утврдување на условите.

Во случај да наведените услови не се исполнети, натпреварот **нема да се одигра**, а одлуката за тоа ја донесува главниот судија.

Сите натпревари од лигите наведени во Член 1. и Член 4. од овој **Анекс на Пропозиции** се играат со **пластични топчиња** атестирани од страна на ITTF.

## Член 10.

Судиите за турнирскиот дел од лигата ги одредува организаторот на турнирот на којшто се играат 2 кола. Судиите за Супер Лига мора да имаат минимум сертификат за Национален Судија. Судиите за Прва Лига не мора да имаат сертификат за Национален Судија, но треба да имаат основни познавања на пинг-понгарската игра.

Судиите не смеат да бидат играчи или членови на управата на клубовите чии екипи играат.

## Член 11.

Сите лиги ги раководи **Натпреварувачката Комисија на ППФМ** во состав:

1. **Живко Апостолоски**
2. **Роберт Михајловски**
3. **Предраг Чоловиќ**

и **Комесарот на лигите на ППФМ: Роберт Михајловски** чија електронска пошта е: robert.mihajlovski@ericsson.com и телефонски број е: 070 300 345